ФТМ
Фискална Транспарентност Македонија

мај, 2018

Работата на ЕСЕ во областа на унапредувањето на фискалната транспарентност во РМ

# НАРОДНИТЕ ПАРИ СЕ ТРОШАТ НЕТРАНСПАРЕНТНО, ДЕЛ ОД ЈАВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ ПОЛАГААТ СМЕТКИ САМО ПОД ПРИТИСОК

## АПСТРАКТ

Здружението ЕСЕ ја препозна фискалната транспарентност како предуслов за уживање на основното право на здравје и од 2012 година започна да ја користи алатката за мониторинг и анализа на буџети преку која може да се утврдат реалните трошоци и придобивки од владините активности. ЕСЕ преку мониторинг и извештаи во сенка ја контролира работата на јавните институции од областа на здравството што се одговорни за обезбедување на правото на здравје. Здружението ЕСЕ соработува со граѓански организации на национално и на локално ниво, и ги јакне нивните капацитети на полето на мониторинг и анализа на буџети и фискална транспарентност.

*продолжува на стр. 2*




*„Фискалната транспарентност е од големо значење за јавните институции со цел тие да си го прикажат своето работење пред јавноста, односно да ги покажат резултатите во однос на тоа што го планираат и што го спроведуваат, а со тоа да им дадат можност и на граѓаните и на пошироката јавност да го следат и да го оценуваат нивното работење и така да даваат конкретни предлози за унапредување на нивното работење, бидејќи затворени институции и немање на информации од страна на јавноста значи дека институциите го имаат ексклузивното право на донесување на одлуки и граѓаните немаат никаква можност да влијаат врз нив“*

- вели Дарко Антиќ, координатор на Програмата за мониторинг и анализа на буџети, Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените - ЕСЕ.

продолжува од стр. 1

## АПСТРАКТ

Иако во Македонија од пред 12 години е воведен Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер и државните институции со овој Закон се обврзани да работат транспарентно, праксата, односно истражувањата на ЕСЕ покажуваат поинакви резултати. Имено, истражувањата и работата на ЕСЕ покажуваат дека јавните институции се транспарентни кога работат под притисок, односно кога некој ги мониторира и им бара отчет за нивното работење. Забележано е дека кога јавните институции се надгледувани, тие работат подобро. Напредок во транспарентноста и во работењето бележат и самите вработени во институциите што ги мониторира ЕСЕ, како и Комисијата за слободен пристап до информации од јавен карактер. Здружението се заложува да ја подобри и информираноста на граѓаните за фискалната транспарентност во Македонија и за таа цел ја создаде тематската интернет-страница **fiskalnatransparentost.org.mk** и ја спроведува кампањата „Фискална транспарентност Македонија“.

## ВОВЕД

Фискалната транспарентност претставува прозорец преку кој граѓаните може да ѕирнат како властите ги трошат народните пари, а доколку не ги трошат правилно да ги повикаат на одговорност. Преку фискалната транспарентност се овозможува ефективно управување со јавните финансии,  како и градење на довербата на јавноста во работењето на јавните институции. Таа подразбира објавување на фискални информации и вклучување на граѓаните во процесот на креирање на фискални политики и донесување одлуки. Под фискална транспарентност се подразбира објавување на сите средства и обврски од јавниот сектор, како и приходите и расходите одобрени со усвоениот годишен буџет. Од фискалната транспарентност најголем бенифит имаат граѓаните на кои им се обезбедуваат информации со кои тие може да побараат сметка за тоа како се трошат парите што ги одделуваат од својот џеб.

Па оттука, со цел полесно да се следи програмското и буџетското спроведување на програмите за превентивна здравствена заштита од буџетот на Министерството за здравство, како и да се оцени пристапот на граѓаните до превентивните здравствени услуги, Здружението ЕСЕ во 2012 година започнало активно да работи на подобрување на нивото на фискална транспарентност на јавните институции, со посебен фокус на јавните здравствени инстиуции. Односно, потребата од работење за унапредување на нивото на фискалната транспарентност произлегла од  слабоста на системот да обезбеди доволни, квалитетни и навремени информации што би можеле да бидат искористени за оценување на неговата функционалност, ефикасност, ефективност и економичност во обезбедување на основните јавноздравствени услуги на своите граѓани.

Во Република Македонија единствени прописи со кои на јавноста ѝ се олеснува пристапот до работењето на јавните институции се регулирани со Законот за пристап до информации од јавен карактер, а пак јавното објавување на документите е регулирано преку законите од соодветната област. Но, и покрај сево ова, јавноста и понатаму има ограничен пристап до информации од јавен карактер, а пак институциите и понатаму не покажуваат волја за самостојно објавување на информации за своето работење. Ова е забележливо особено во доменот на финансиското работење. Учеството на граѓаните во процесот на донесување одлуки, креирање на владините политики, утврдување на приоритетите и распределбата на средствата од јавните буџети и понатаму останува тема што се заобиколува од властите, а јавноста и понатаму останува неинформирана за своите права од овој домен.

Работењето на полето на унапредување на фискалната транспарентност вклучува низа акции, меѓу кои: оценување на степенот на почитување на широкоприфатените принципи на транспарентно работење и објавување документи што се создаваат при спроведување на основните фискални политики; поттикнување на транспарентното работење на државните институции преку редовно практикување на механизмот за пристап до информации од јавен карактер; следење на активностите што ги преземаат другите држави во насока на зголемување на нивната транспарентност во фискалното работење; следење на развојот на политиката на Република Македонија за транспарентност во работењето и оценување на степенот на исполнување на преземените обврски за транспарентност во работењето.

Освен наведените акции, Здружението ЕСЕ презема и други конкретни акции за да ја информира јавноста за состојбите од оваа област во Република Македонија и нејзините права од овој домен; го оценува степенот на учество на граѓаните во работењето на јавните институции и ги поттикнува самостојно да бараат вклучување и да иницираат промени во досегашното работење на јавните институции. ЕСЕ, исто така, е член на меѓународните движења за унапредување на транспарентноста и отчетноста во процесите што ги водат владите и се залага за зголемување на обемот на информации за нивното работење во јавноста. Заради постигнување на поставените цели, ЕСЕ континуирано ги гради сопствените капацитети и капацитетите на другите граѓански организации.

# 1. ФИСКАЛНАТА ТРАНСПАРЕНТНОСТ КАКО ПРЕДУСЛОВ ЗА УЖИВАЊЕ НА ОСНОВНОТО ПРАВО НА ЗДРАВЈЕ

Во 2011 година ЕСЕ започнало со активна примена на методологијата за мониторинг и анализа на буџети со цел да го оцени начинот на планирање и реализација на програмите за превентивна здравствена заштита од буџетот на Министерството за здравство, како и да го оцени пристапот на граѓаните до нив.

Во таа насока, ЕСЕ започнало со два клучни пристапи за прибирање на информации коишто би помогнале во остварување на целта, и тоа: **прибирање и анализа на јавно достапни информации и документи во кои јавните институции презентирале информации во однос на плановите и реализацијата на секоја од програмите за превентивна здравствена заштита**, како и **прибирање и анализа на информации и податоци што не се јавно достапни**, а што би дале приказ на нивото на реализација на поединечните активности и нивните буџети предвидени со секоја од програмите.

Во пракса ЕСЕ увидело дека обемот и видот на информации коишто се јавно достапни, а се однесуваат на планирањето и реализацијата на програмите за превентивна здравствена заштита е доста ограничен, односно информациите што се јавно достапни ја ограничуваат можноста за следење и оценка. Според ЕСЕ, документите и информациите што се јавно достапни се следните: усвоен буџет во кој е прикажан вкупниот одобрен буџетски износ на секоја од програмите за превентивна здравствена заштита без притоа да се даде детален приказ на планираните активности за секоја од нив и одобрениот буџет за нив; завршната сметка пак исто така содржи податци во однос на вкупно реализираните средства за секоја од програмите без да се даде приказ на обемот на реализирани активности и износот на потрошени средства за секоја од нив; итн.

Со цел да се надминат овие бариери и да се обезбедат детални информации и податоци за планирањето и реализацијата на програмите, ЕСЕ започнало со активна примена на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Па така, заради надополнување на недостатоците во јавно достапните документи и информации, Здружението започнало со спроведување на постапка за слободен пристап до информации од јавен карактер и поднесување на барања со кои се бараат сумарни информации од институцијата одговорна за координирање и контрола врз спроведување на програмите за превентивна здравствена заштита (на пример: колку Министерството за здравство преку теренски посети има регистрирано невакцинирани деца Роми), без притоа да бара поткрепа на обезбедниот одговор од страна на јавната институција (на пример: извештај за програмската и буџетската реализација на Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата). Ваквиот пристап во спроведување на постапките за слободен пристап до информации од јавен карактер го ограничило ЕСЕ да добие реална слика и да даде реална оценка на ефикасноста и ефективноста во спроведувањето на програмите за превентивна здравствена заштита.

*„Во 2011 година информациите за планирањето и за реализацијата на програмите за превентивна здравствена заштита ги баравме на полугодишно ниво. Информациите што ги добивме се однесуваа на првата половина од 2011 година. Ги обработивме и врз основа на нив направивме полугодишен извештај за реализација на програмите за превентивна здравствена заштита. Истата постапка ја повторивме и за целата година. Па така, податоците за спроведувањето на Програмата за активна заштита на мајки и деца, кои се однесуваа на годишната реализација на Програмата се разликуваа од оние за првите шест месеци. Односно, податоците што се однесуваа на обемот на реализација на активностите од Програмата и износот на потрошените средства обезбедени од Министерството за здравство за првите шест месеци беа повисоки во однос на тоа што е презентирано на крајот на годината. Ваквите разлики во податоците нè органичија во оценувањето на спроведувањето на Програмата и дадоа нова насока во нашето работење, односно барање на копии од конкретни документи по завршување на секоја календарска година и барање на истите документи од различни извори“* - **вели Дарко Антиќ, координатор на Програмата за мониторинг и анализа на буџети, Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените - ЕСЕ.**

ГРАДЕЊЕ ПАРТНЕРСТВА И СОЗДАВАЊЕ КРИТИЧНА МАСА НА ОРГАНИЗАЦИИ ШТО РАБОТАТ НА УНАПРЕДУВАЊЕ НА НИВОТО НА ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ОТЧЕТНОСТ НА ЈАВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ ВО ЗДРАВСТВЕНИОТ СЕКТОР ВО РМ Е КЛУЧЕН ПРИСТАП ВО РАБОТЕЊЕТО НА ЕСЕ

Бројот на граѓански организации коишто активно работат на мониторинг на работењето на јавните иституции, а особено граѓански организации што работат на мониторинг на буџетското работење на јавноздравствените институции е незначителен.

Ваквата неактивност на граѓанските организации им дава ексклузивност на јавните институции за планирање и спроведување на политиките и мерките за здравствена заштита. Ова, пак, придонело за создавање на јавен систем што се карактеризира со висок степен на затвореност и нетранспарентност во своето работење. Како резултат на затвореноста на јавните институции и затвореноста на процесите на планирање и спроведување на политиките и мерките за здравствена заштита, актуелните политики и мерки не ги одразуваат реалните потреби и интереси на граѓаните. Освен тоа, во РМ отсуствува и култура за активно граѓанство (ова подразбира граѓаните да бидат активни и да учествуваат во процесите на донесување на одлуки од нивниот почеток до нивниот крај), што пак е резултат на нефункционирање на механизмите за учество на граѓаните во процесите на донесување на одлуки и отсуство на практики за мобилизирање и зајакнување на поголем број граѓани кои понатаму самостојно би се вклучувале во јавните процеси. Исто така, сево ова е резултат и на недоволната запознаеност на граѓанските организации со бенефитите и начините на мониторинг на буџетското работење на јавните институции и постапките за прибирање и анализа на податоци.

ЕСЕ е прва организација во РМ и регионот што започнала со примена на методологијата за мониторинг и анализа на буџети и работење на полето на фискалната транспарентност со фокус на јавниот здравствен секотор. Па така со цел да се зголеми бројот на граѓански организации што ќе ја применуваат оваа методологија во своето работење и ќе влијаат врз транспарентноста и отчетноста во работењето на јавниот здравствен сектор, Здружението започнало со развивање и спроведување на програми за обука и менторство на граѓански организации од земјата и од регионот, а оттука и со создавање на група на организации кои заеднички и организирано ќе се залагаат за промени во работењето на јавниот здравствен систем.

Во периодот од 2011 година па наваму ЕСЕ спровело низа обуки за мониторинг и анализа на буџети, буџетско застапување и буџетска транспарентност наменети за локални граѓански организации кои работат на полето на унапредување на здравјето и пристапот до здравствена заштита. На обуките присуствувале повеќе од 200 лица. При спроведувањето на обуките ЕСЕ, во изминатите години, во РМ работело со организации што работат со Роми и други маргинализирани групи граѓани, меѓу кои КХАМ од Делчево, ИРИЗ и ЦДРИМ од Шуто Оризари, ЛИЛ од Ѓорче Петров, Рома СОС од Прилеп, НРЦ од Куманово, Заедно посилни од Скопје, ХОПС од Скопје, Хера од Скопје, Пулмонална хипертензија од Гевгелија, Хемолог од Скопје итн.

Една од организациите со кои работи ЕСЕ е ИРИЗ од Шуто Оризари. ИРИЗ работи на програми за развој на ромската заедница, а пак на полето на унапредување на фискалната транспарентност на локално ниво е активна две години. ЕСЕ, во рамките на своите напори за градење на капацитетите на други граѓански организации, со ИРИЗ соработува преку обезбедување менторска поддршка во прибирање на податоци од јавен карактер и обработка на прибраните податоци од Министерство за здравство, Здравствениот дом Скопје, подрачните служби на поликлиниката Чаир, здравствената станица Шуто Оризари, како и гинеколозите и патронажните сестри што работат во општината Шуто Оризари.



*„Ние праќаме барања за информации од јавен карактер и така правиме мониторинг; лани имавме испратено 40 такви барања. Околу 90 проценти успешно ни беа одговорени, дел не можеа да ни ги пратат поради големиот обем на информации, како на пример информациите од патронажните сестри. Од ЕСЕ имавме логистичка и менторска соработка при обработка на податоците добиени од институциите“* - **вели Фадиљ Џемаил од ИРИЗ.**

ЕСЕ на организацијата ХОПС ѝ помага преку следење на планирањето и имплементацијата и анализата на буџетот на Министерството за здравство, со фокус на програмите за намалување на штетите од користење на дроги. ХОПС – опции за здрав живот со ЕСЕ активно соработува веќе 5 години, односно од самиот почеток на имплементацијата на методологијата за мониторинг и анализа на буџети. Соработката на ЕСЕ и ХОПС се состои од обезбедување на обуки за мониторинг и анализа на буџети; техничка поддршка во планирање и имплементација на методологијата за мониторинг и анализа на буџети; и преземање на заеднички акции за застапување пред надлежните иституции во насока на преземање на обрвската за финансирање на програмите за намалување на штети од државниот буџет по завршување на поддршката од Глобалниот фонд. Па така, на пример, во 2017 година ЕСЕ и ХОПС заедно работеле на анализа на наплатата, алокацијата и трошењето на финансиските средства коишто Минестерството за здравство ги добива од акцизи за цигари и алкохол во буџетот на ова Министерство и на утврдување на дополнителни можности за финансирање на програмите за намалување на штети од употреба на droги со користење на непотрошени средства од други буџетски линии.

*„Неколку наши луѓе беа обучени од ЕСЕ за мониторирање на буџети и преку таа обука нашите односи со организацијата ЕСЕ станаа речиси секојдневни; претходно знаевме едни за други, но немавме некоја значајна комуникација. Имавме луѓе од ЕСЕ ангажирани како консултанти во делот од нашите активности.*

*Лани со ЕСЕ работевме на анализа на буџетот во насока на финансиските средства кои Министерството за здравство ги добива од акцизите за алкохол, тутун и пиво. Таа анализа е публикувана и ние ја користевме во насока на застапување за финансирање на нашите програми. Нашата идеја е дел од тие фанансиски средства кои Министерството за здравство ги добива во однос на акцизите за алкохол, тутун и пиво да бидат искористени токму за програми за зависности што ги спроведуваат и здруженијата на граѓани. Самата анализа ни покажа дека од тие*




*финансиски средства што ги добива Министерството за здравство само околу 3 проценти се наменети за зависност. Имајќи предвид дека токму тутунот и алкохолот создаваат зависност, ние сметаме дека тој процент треба да биде многу повисок и овие пари треба да бидат наменети токму за превенција, третман и за лекување на овие штетни супстанции. Тука многу ни помогна анализата од ЕСЕ, оваа година пак работиме на таква анализа да видиме за што се трошат овие средства“*
**- вели Влатко Деков од ХОПС.**

## ОЦЕНУВАЊЕ НА НИВОТО НА ТРАНСПАРЕНТНОСТ

Дел од редовните активности на ЕСЕ се и оние во насока на оценување на нивото на реактивност и проактивност на јавните институции во споделување и објавување на информации за своето буџетско и програмско работење, преку спроведување на методологија за мерење и оценување. Досега ЕСЕ има објавено пет независни извештаи во кои се прикажани оценките за нивото на реактивна и проактивна транспарентност на јавните институции во РМ за 2013, 2014, 2015, 2016 и 2017 година. ЕСЕ ја има развиено методологијата за оценка и ја спроведува од 2012 година. ЕСЕ се труди секоја година да го зголемува бројот на јавни институции, чие проактивно работење ќе биде предмет на оценка. Имено, во 2013 година со методологијата за оценка на нивото на проактивност Здружението го опфатило работењето на седум јавни институции, а пак во 2017 година на 25 јавни институции. Со методологијата за оценка на нивото на реактивна транспарентност во 2013 година биле опфатени 40 институции, а пак во 2017 година нивниот број бил зголемен на 68 јавни институции.

ЕСЕ го следи работењето само на оние институции што се опфатени со редовните активности на Здружението во рамки на Програмата за мониторинг и анализа на буџети, како на пример сите спроведувачи на Програмата за активна заштита на мајки и деца, Програмата за рана детекција на малигни заболувања, Програмата за систематски прегледи на студенти и ученици, Програмата за ретки болести или пак институции што се одговорни за донесување на одлуки што се насочени кон унапредување на здравјето на жените и децата во РМ. Па така, ЕСЕ го мониторира и го оценува спроведувањето на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер на сите Здравствени домови во Македонија (32); на сите центри за јавно здравје (10); дел од клиниките, како што се клиничките болници во Битола, Штип и Тетово, општата болница во Струмица, Специјалната болница за гинекологија и акушерство Чаир, Универзитетската клиника за гинекологија и акушерство и институции што се на ниво на носители на одлуки и политики - Министерството за здравство, Министерството за финансии, Министерството за труд и социјална политика, итн.

*„Како основни параметри за оценување на нивото на реактивна транспарентност ги користиме бројот на барања на кои сме добиле одговор во редовна постапка, бројот на одбиени барања, бројот на запрени постапки, бројот на барања по кои сме поднеле жалба, бројот на поднесени жалби заради молчење на јавната администрација, бројот на поднесени жалби заради неквалитетен одговор и периодот по којшто постапувале институциите. Оценката на ниво на институција се добива како просек од оценките на секој поединечен параметар објаснет претходно. Дополнително, важно е да се напомене дека секоја поединечна постапка (секое поднесено барање) се оценува по секој од образложените параметри. Оценувањето на постапките се врши на скала од три нива и тоа: транспарентна институција (оценка 2 или зелено), нетранспарентна институција (оценка 1 или жолто) или делумно транспарентна институција (оценка 0 или црвено)“* - **објаснува Дарко Антиќ, координатор на Програмата за мониторинг и анализа на буџети, Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените - ЕСЕ.**

Покрај напорите за градење на капацитетите на граѓанските организации од земјата, ЕСЕ во изминатиот период било фокусирано и на градење на капацитетите и споделување на искуствата од своето работење со претставници на граѓански организации од Литванија, Грузија, Бугарија, Украина, Белорусија, Казахстан, Таџикистан, Србија, Црна Гора и Босна и Херцеговина.

Во истиот период Здружението ЕСЕ публикувало прирачници за буџетски мониторинг и застапување наменети за организации што работат во областа на здравството и намалување на штетите од користење дроги.

Извештаите што ги подготвува и ги објавува ЕСЕ, а кои се однесуваат на оценување на нивото на **реактивна транспарентност,** се користат од јавните институции, граѓанските организации и медиумите на национално ниво како релевантен извор на информации за презентирање на состојбите и напредокот во постапувањето на јавните институции по Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер; иницирањето и спроведувањето на реформите во јавниот систем во РМ од овој домен; како и за преземањето на чекори за унапредување на постапувањето на јавните институции во постапките за пристап до информации од јавен карактер. Важно е да се напомене дека **јавните институции во изминатите пет години го унапредиле нивото на реактивност, односно го подобриле своето постапување во постапките за пристап до информации од јавен карактер.** Придонесот од работењето на ЕСЕ на ова поле се потврдува и со самите наоди од нивните извештаи кои говорат дека е намален бројот на институции што се оценети како реактивно нетранспарентни, подобрен е рокот во обезбедување на информации од јавен карактер во официјални постапки, намален е бројот на жалби поради молчење на јавната администрација, намален е бројот на одбиени или пак запрени постапки, итн. Во 2017 година, со цел да ја унапреди заштитата на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер и како одговор на континуираните заложби на ЕСЕ, Министерството за правда иницирало постапка за измени и дополнувања на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Па така, ЕСЕ со цел да го осигура континуитетот во напредокот на јавните институции во примената на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, во 2017 година спровело 1 345 постапки за барање на информации од јавен карактер пред 68 јавни институции и иницирало 120 жалбени постапки.

Во однос на проактивната транспарентност ЕСЕ го следи објавувањето на 16 клучни програмски и буџетски документи на интернет-страниците на мониторираните јавни институции, односно стратешките планови, годишните програми за работа на институциите, предлог-буџетите, усвоените буџети, предлог-измените или усвоените измени и дополнувања на буџетите, завршните сметки, ревизорските извештаи, граѓанскиот буџет, односно поедноставената верзија на буџетот, лицата за контакт и посредување со информации од јавен карактер и листата на информации од јавен карактер.

---

Извештаите што ги подготвува и ги објавува ЕСЕ, а кои се однесуваат на оценување на нивото на **проактивна транспарентност,** се користат од јавните институци, граѓанските организации и медиумите на национално ниво како релевантен извор на информации за презентирање на состојбите и напредокот во проактивното објавување на програмски и буџетски документи; иницирањето и спроведувањето на реформите во јавниот систем во РМ од овој домен; како и за преземањето на чекори за зголемување на бројот на документи и информации што ќе бидат објавени од страна на јавните институции.

Придонесот од работењето на ЕСЕ на ова поле се потврдува и со тоа што во октомври 2017 година, Владата на РМ усвои листа на документи и информации, а министерствата се задолжени да ги објавуваат на своите интернет-страници. Во рамки на листата е предвидено објавување на вкупно 21 документ и податоци за програмското и буџетското работење на министерствата.

ПРЕКУ ИЗВЕШТАИ ВО СЕНКА ЕСЕ СЛУЖИ КАКО КОРЕКТИВ НА НЕПРАВИЛНАТА ДИСПЕРЗИЈА НА ОСНОВНОТО ПРАВО НА ИНФОРМИРАНОСТ И ПРИСТАПОТ ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Преку воспоставените механизми за следење на исполнувањето на обврските што ги има преземено државата преку учество во меѓународни иницијативи и прифаќање на одредени меѓународни стандарди од областа на фискалното работење и транспарентноста со инструментот на подготовка на „извештаи во сенка", ЕСЕ служи како коректив на неправилната дисперзија на основното човеково право на информираност и пристап до информации. Нетранспарентноста во фискалното работење на јавните институции во РМ, а со тоа и ограничувањето на пристапот на граѓаните до основните јавни услуги во областа на здравството, социјалната заштита, вработувањето итн., ЕСЕ го има презентирано во повеќе извештаи во сенка како: извештаите кон Конвенцијата за елиминирање на сите форми на дискриминација врз жената (CEDAW, 2015 и 2018 год.); извештајот кон Меѓународната повелба за економски, социјални и културни права (ICESCR, 2007 и 2016 год.) и извештаите кон Иницијативата за Отворено владино партнерство (2015 и 2017 год.).

**Имајќи го предвид значењето на иницијативата за Отворено владино партнерство, ЕСЕ активно учествува во нејзиното спроведување на национално и на меѓународно ниво и будно го следи нејзиното спроведување.** РМ се приклучи кон иницијативата за Отворено владино партнерство во 2011 година со што се обврза дека во отворен и во консултативен процес со граѓанските организации ќе работи на унапредување на транспарентноста, отчетноста и отвореноста на јавниот систем преку преземање на конкретни акции. Па оттука, Отвореното владино партнерство им дава можност на граѓанските организации за прв пат во партиципативен процес да предлагаат акции и во соработка со јавните институции да ги спроведуваат. ЕСЕ во оваа иницијатива ја препозна можноста за застапување и поддршка на унапредувањето на транспарентноста и отчетноста во фунционирањето на јавниот систем во соработка со други граѓански организации, како и можноста за издигнување на идентификуваните пречки во функционирањето на јавниот систем кои во други услови не биле препознаени од страна на јавниот здравствен сектор како потребни и приоритетни.

Здружението ЕСЕ од 2014 година е активно ангажирано во процесот на подготовка, спроведување и следење на имплементацијата на мерките од приоритетот 5 (фискална транспарентност) и приоритетот 3 (пристап до информации). Како резултат на нивните континуирани заложби за застапување во рамки на националниот процес за Отворено владино партнерство, во периодот од 2014 до 2016 година, Владата на РМ има усвоено неколку мерки

предложени од ЕСЕ, и тоа: подготовка и публикување на полугодишни и годишни извештаи за програмската и буџетската имплементација на превентивните и куративните програми на интернет страницата на Министерството за здравство; измени и дополнувања на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер; објавување на сите податоци за одобрена и добиена странска помош на јавните институции; објавување на сите податоци поврзани со странските инвестиции во РМ, спроведување на кампања за запознавање на граѓаните со основото право на информираност и пристап до информации за работењето на јавните институции, пилотирање на методологиите за социјална отчетност, итн.

*„Реализирани се мерки што се, би рекол, најбезболни, а оние што значат значителен придонес вообичаено не се реализираат. На пример, мерката за пилотирање на методологијата на социјална ревизија не е спроведена; ЕСЕ спроведе процес на едукација, имавме состаноци со Министерството за здравство, обезбедивме литература и насоки за тоа како треба да се спроведува методологијата и предложивме програми со кои може да се аплицира оваа методологија, меѓутоа сè застана на тоа. Институциите, со одлука на Владата на Република Македонија, се задолжени да ги имплементираат мерките во целост, меѓутоа акцискиот план, кој е тековен, ќе заврши во јуни 2018 год. и не верувам дека во целост ќе бидат спроведени онака како што е планирано. Меѓутоа, значајно е да се напомене дека институциите покажуваат одреден напредок во однос на имплементацијата на претходниот акциски план“*

**- вели Дарко Антиќ, координатор на Програмата за мониторинг и анализа на буџети, Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените - ЕСЕ.**

Меѓу другото, со вклучувањето кон оваа иницијатива, РМ презема обврска за спроведување на усвоените мерки преточени во двогодишни акциски планови и за континуирано известување за нивниот прогрес во спроведувањето. Оттука, врз основа на наодите добиени преку активното учество и следењето на иницијативата, ЕСЕ започнало со подготовка на извештаи во сенка со цел да даде објективен и независен приказ на досегашните постигнувања, проблеми и предизвици во спроведувањето на иницијативата кај нас и да даде клучни препораки за нејзиното натамошно унапредување.

*„ЕСЕ подготвува извештаи во сенка кои треба да им помогнат на оние институции што го контролираат работењето на институциите што го спроведуваат акцискиот план, на пример Владата на Република Македонија и меѓународните тела и организации да донесат соодветни одлуки со кои би биле насочени кон подобрување на процесот на национално и на меѓународно ниво. Преку извештаите во сенка даваме друг приказ на степенот на спроведување на мерките предвидени со акциските планови, кои ќе дадат поинаква и реална перспектива на состојбите презентирани во извештаите подготвени од страна на јавните институции. Наодите презентирани во извештаите се базираат на познавањата на ЕСЕ за состојбите како членови на иницијативата, јавно достапни информации и информации добиени во постапка за слободен пристап до информации од јавен карактер“*

**- вели Дарко Антиќ, координатор на Програмата за мониторинг и анализа на буџети, Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените - ЕСЕ.**

# 2. ТРАНСПАРЕНТНОСТА ВО СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ПОСТАПКИТЕ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ ВО ЈАВНИОТ ЗДРАВСТВЕН СЕКТОР

## КАКО ОСНОВЕН ПРЕДУСЛОВ ЗА ПРИСТАП ДО КВАЛИТЕТНИ И НАВРЕМЕНИ ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ И ВООПШТО УЖИВАЊЕ НА ПРАВОТО НА ЗДРАВЈЕ

Институциите од јавниот здравствен сектор иако трошат големи износи на средства од своите буџети и од буџетот на РМ за јавни набавки на стоки, услуги и работи, сепак се соочуваат и со проблеми во обезбедување на здравствени услуги. Набавките на стоки, услуги и работи во јавниот здравствен сектор во најголем дел се вршат преку спроведување на постапки за јавни набавки, кои заради големиот износ на средства, најчесто се користени како можност за злоупотреба.

Необјавувањето и делумното објавување на податоците за спроведените јавни набавки во јавноздравствениот сектор создава сомнеж за ненаменско, нерационално и неефикасно трошење на средствата на граѓаните. Оттука, од особена важност за граѓаните е тие да бидат информирани за начинот на кој овие институции раководат и ги трошат нивните средства.

Следењето само на тоа дали средствата од здравствените програми се наменски потрошени и потрошени според планираното, без притоа да се земе предвид дали јавните институции ги потрошиле средствата водејќи се од основните принципи на квалитет, економичност, потреба, навременост, итн. претставувало бариера во напорите на ЕСЕ да даде целосна оценка за спроведувањето на здравствените програми и утврдување на причините поради кои граѓаните се соочуваат со пречки во простапот до здравствените услуги во услови кога јавните здравствени институции прикажуваат целосна реализација на сопствените буџетски средства. Па оттука, со цел соодветно да ги адресира проблемите во јавниот здравствен систем и да предложи соодветни чекори за нивно надминување, ЕСЕ во 2016 година додало нова комплементарна перспектива на својата дотогашна работа, воведувајќи го мониторингот на постапките за јавни набавки кај јавни здравствени институции вклучени во спроведување на програмите од нивен интерес. Во периодот од 2011 до 2015 година ЕСЕ следело 1 750 постапки за јавни набавки спроведени од 62 јавноздравствени институции. Како резултат на својата работа на ова поле, ЕСЕ утврдило големи пропусти кај овие институции во обезбедување на информации за спроведените постапки за јавни набавки за јавноста, што пак го отежнало остварувањето на основната цел од работење на ова поле и придонело голем дел од своето работење на ова поле ЕСЕ да го фокусира на унапредување на транспатентноста и отчетноста на институциите.

*„Во 70 % од спроведените постапки за јавни набавки, институциите од јавниот здравствен сектор не објавиле или пак објавиле само дел од клучните информации за водените постапки за јавни набавки. Односно, институциите од јавниот здравствен сектор објавуваат податоци само за оние постапки чијашто вредност е пониска, а пак за постапките чијашто вредност е повисока и што со себе повлекува повисоки трошоци не објавуваат податоци“*

**- вели Дарко Антиќ, координатор на Програмата за мониторинг и анализа на буџети, Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените - ЕСЕ.**

# 3. СТРАНСКАТА ПОМОШ ВО ЈАВНИОТ ЗДРАВСТВЕН СЕКТОР Е КЛУЧНА

## ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПОТРЕБНИТЕ ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ ЗА ГРАЃАНИТЕ И ПРЕДУСЛОВ ЗА УЖИВАЊЕ НА ПРАВОТО НА ЗДРАВЈЕ

Буџетот за здравство и здравствена заштита, од година во година, станува сè позависен од средствата што ги обезбедува државата од надворешни извори во облик на кредити, донации или пак грантови. А, пак, транспарентноста во користењето на средствата од овие извори станува сè пониска. Оттука, при мониторингот и анализата на програмите за здравствена заштита, ЕСЕ го следи извршувањето на средствата од националниот буџет паралелно со буџетот на кредити, донации и грантови. Па така, со цел да ги надополни податоците добиени од националните јавни здравствени институции, кои се однесуваат на искористувањето на средствата за реализирање на програмите, прибира податоци и од меѓународни организации, странски влади и странски кредитни институции. Така, на пример, ЕСЕ го анализирало и трошењето на средствата што ги обезбедило Министерството за здравство преку грантот од холандската влада – „Орио“ во износ од 7.428.800,00 евра за спроведување на проектот за унапредување на здравствената заштита на мајките и децата, а информациите биле прибирани од националните институции и институциите во земјата донатор.

*„При анализата на спроведувањето на проектот финансиран од холандската влада, водевме постапки за слободен пристап до инфрмации од јавен карактер пред Министерството за здравство во РМ и Министрерството за надворешни работи на Холандија. Во текот на оваа постапка од надлежната институција во РМ добивме одговор дека тие не располагаат со податоци за спроведувањето на овој проект, но имаат информација дека некоја друга институција располага со податоците. А, пак, од холандските институции добивме информации во кои клучните податоци беа покриени со образложение дека тие можат да повлијаат врз економските интереси на институцијата примател на грантот. Преку процесот на Отворено владино партнерство се обидовме да ги отвориме овие податоци за јавноста, но многу интересно е што Министерство за здравство и Секритаријатот за европски прашања, како две надлежни институции за овој грант, ја префрлаат топката*

*од едни на други. Министерство за здравство вели не, ние не сме надлежни за информациите и ги немаме информациите, надлежен е Секритаријатот за европски прашања. Во исто време Секретаријатот за европски прашања вели дека иако ние сме промотори на грантот во Македонија и ја координираме таа комуникација со Холандија, ние само регистрираме проекти кои значат ослободување од ДДВ, така што во изминатите четири години се убедувавме кој е имател на овие информации и кој е одговорен за нивно објавување“*

**- вели Дарко Антиќ, координатор на Програмата за мониторинг и анализа на буџети, Здружение за еманципација, солидарност и еднаквостна жените - ЕСЕ.**

# 4. ИНФОРМИРАНОСТА НА ГРАЃАНИТЕ КАКО ПРЕДУСЛОВ ЗА НИВНО ВКЛУЧУВАЊЕ ВО ПРОЦЕСОТ НА ДОНЕСУВАЊЕ ОДЛУКИ

*„Во комуникација со граѓаните забележана е огромна разочараност од функционирањето на целиот јавен систем, првично поради тоа што сметаат дека јавните институции не реагираат на нивните барања, тие воопшто нема да ја обезбедат бараната информација или пак институцијата нема да постапи по нивното барање што ги поттикува да се откажуват. Особено многу важно е да се работи со граѓаните за да знаат како да го остварат своето право на информираност и со јавните институции на зајакнување на нивните капацитети за постапување и спроведување на законските обврски и на тој начин да се зајакне довербата кај граѓаните. Односно, колку повеќе јавните институции се отвораат кон граѓаните и постапуваат по нивните барања, граѓаните поинформирано ќе можат да го следат работењето на јавните институции и да учествуваат во процесот на донесување на одлуки“*

**- вели Дарко Антиќ, координатор на Програмата за мониторинг и анализа на буџети, Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените - ЕСЕ.**

Законот за слободен пристап до информации во РМ е единственото средства кое им стои на располагање на граѓанските организации и на граѓаните за прибирање на информации за работењето на јавните институции и следење на планирањето, спроведувањето и оценка на правото на здравје. Обемот на информации кој е јавно достапен е многу мал, па така и барателите и имателите преку обемни и долги бирократски постапки бараат, односно обезбедуваат информации за своето работење.

Иако во Македонија од пред 12 години е воведен Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер, овој Закон слабо се применува. Но, не сите институции го почитуваат овој Закон, па затоа добивањето на информации од јавен карактер не е едноставен процес. Во патешествието за стигнување до потребните инфомации ЕСЕ пронашло соработник во Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер - независно тело кое за своето работење одговара пред Собранието на Р Македонија. Преку Комисијата се поднесуваат жалби кога јавните институции нема да ги испочитуваат законски предвидените обврски.

## КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР: **ГРАЃАНИТЕ НЕМААТ ДОВЕРБА ВО ЈАВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ, ИНСТИТУЦИИТЕ ПАК СЕ ОДНЕСУВААТ ИНЕРТНО**

Искуствата на Комисијата покажале дека граѓаните малку поднесуваат жалби, бидејќи немаат доверба во институциите па за потребните информации не го користат Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, туку одат преку свои канали. Дека граѓаните многу малку го користат Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер покажуваат податоците за бројот на поднесените жалби до оваа Комисија од физички лица. Во 2017 година од вкупниот број жалби, 785, од физички лица биле поднесени 275 жалби. Ако се спореди со претходните години се бележи мало зголемување на бројот на физички лица што го користат ова право. На пример, во 2012 година биле поднесени 1 225 жалби до Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации, а од нив само 151 жалба биле од физички лица, остатантите 1 074 жалби биле од здруженија на граѓани и фондации.



*„Кога одевме во внатрешноста, граѓаните велеа дека немаат доверба во институциите од каде им треба бараната информација и го заобиколуваат овој Закон и одат преку други канали. Во помалите места секој со секого е пријател или роднина и ги користат тие канали за да дојдат до одредена информација. Има и граѓани кои доаѓаат и кај нас и им помагаме да ги добијат бараните информации, има и изјави кои велат: 'Ако не постоеше оваа Комисија немаше да дојдеме до оваа информација', за која биле скептици дека нема никогаш да ја добијат“*

**- вели Цвета Трајковска од Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.**

Комисијата за заштита на информации од јавен карактер спровела активности да ги запознае граѓаните за правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, но велат дека интересот бил многу мал. Комисијата се обидела да ги анимира граѓаните на локално ниво преку собранија на оштините, преку јавните гласила и средби, но наишла на мал одзив. Жителите биле запознавани со уставното право за слободен пристап до информации од јавен карактер и преку проекти на ОБСЕ и проекти на невладини организации, но повторно наишле на слаб интерес на граѓаните.

*„Граѓаните сè уште не го познаваат ова право коешто им е загарантирано со уставот, да дојдат до информации со кои располагаат органите во државата како што се државните органи, јавните претпријатија, правни и физички лица што вршат јавни овластувања. Во однос*



*на запознавањето на граѓаните имавме еден проект со Фондацијата отворено општество Македонија и преку нивните граѓански организации со кои соработуваат во општините организиравме десетина обуки за да се запознаат граѓаните со ова право, но резултатите беа слаби“*
**- вели Оливер Серафимовски од Комисијата за слободен пристап до информации од јавен карактер.**

Според Комисијата за заштита на правото на пристап до информации од јавен карактер свеста на имателите на информации уште не е развиена до тој степен за да го остварат барателите ова свое право.

*„Најголем проблем со кој се соочуваме во спроведување на овој Закон е молечењето на администрацијата. Сè уште и по 11 години администрација молчи. Тоа не значи дека институциите не ги даваат информациите, туку не постапуваат во рокот што е предвиден во Законот. Според Законот имателот на информации треба да одговори во рок од 30, односно 40 дена, доколку информацијата е од поголем обем, тогаш може да се пролонгира, но на 27 ден имателот треба да го извести барателот дека му се потребни уште 10 дена за да не поднесе барателот жалба до Комисијата. Кога Комисијата ќе ја добие жалбата, ја испраќа до имателот и му наложува во рок од 3 дена да ја достави информомацијата и така најчесто барателите ги добиваат информациите. Проблемот е во јавната свест на имателот како да се надминат тие бариери. Многу ретко веднаш ги даваат информациите или го чекаат последниот рок, околу 30 дена. Причините службените лица ги лоцираат кај нивните раководители. Во 99 случаи зависи од раководното лица, службеното лице ќе одговори, а роководителот не го потпишува“*
**- вели Цвета Трајковска од Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.**

Од Комисијата објаснуваат дека често имателите на информации се соочуваат со технички проблеми и немаат човечки ресурси. Голем дел немаат информатичари или веб-страници. Една од нив е и самата Комисија каде нема вработено информатичар и тоа им претставува проблем.

*„Наше интерно истражување покажа дека од имателите на информации мал дел имаат веб-страница, многу мал дел ги објавуваат своите инфромации на веб-*



*страницата. Кога некој барател ќе им побара информација, тие го упатуваат на линк во линк, не ги ставаат информациите на лесно достапни места за да стигнат до информацијата. Имало случаи кога имателите ќе го насочат барателот на нивната веб-страница, но таму воопшто ја нема информацијата. Со проактивната транспарентност граѓаните многу полесно ќе доаѓаат до потребните информации и информациите ќе се добиваат на многу полесен начин“*
**- вели Оливер Серафимовски од Комисијата за слободен пристап до информации од јавен карактер.**

Инаку, нетранспарентноста на јавните установи според член 39 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер се казнува со парична казна од 30 до 50 илјади денари за прекршок за одговорното, односно службеното лице кај имателот на информацијата кој нема да даде информација од јавен карактер. И покрај казнивоста, вакви парични санкции во праксата не се спроведуваат.

**ПОКРАЈ КОМИСИЈАТА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР, И ЕСЕ РАБОТИ НА ПОДИГНУВАЊЕ НА СВЕСТА НА ГРАЃАНИТЕ ЗА ПРАВОТО ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР, И СВЕСТА НА НОСИТЕЛИТЕ НА ОДУЛКИ ЗА ОБВРСКИТЕ ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИИ ЗА СВОЕТО РАБОТЕЊЕ.**
Во изминатите години ЕСЕ активно работи за да им помагне на граѓаните да ги остварат своите права за информираност и пристап до информации од јавен карактер и да ја олесни комуникацијата помеѓу граѓаните и јавните институции во РМ. **За оваа потреба во 2014 година ЕСЕ развило тематска интернет-страница www.fiskalnatransparentnost.org.mk.**

Во рамки на тематската интернет-страница ЕСЕ креирало и електронска платформа за поднесување барања за пристап до информации од јавен карактер до сите јавни институции во РМ по електоронски пат, како и за поднесување на жалби поради прекршување на правото за пристап до информации од јавен карактер. Електронската форма има за цел да ѝ помогне на јавноста поедноставно да поднесува барања и побрзо да добива одговор од јавните институции, но, исто така, и да ја тестира реактивноста на институциите, односно нивната подготвеност за споделување информации со пошироката јавност. Поконкретно, ЕСЕ ги едуцира граѓаните за постапката за остварување на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер преку овозможување на електронско пополнување на формата за поднесување на барања за пристап до информации од јавен карактер и формата за жалби за повредено право за пристап до информации од јавен карактер. Исто така, ЕСЕ се труди сите заинтересирани да можат да го следат фискалното работење на Владата на Република Македонија и активно да се вклучат во дискусиите за спроведување на политиките во насока на нивно унапредување. За таа цел развиена е база на отворени фискални податоци, која овозможува поедноставен, систематизиран и аналитички приказ на фискалните и буџетските податоци. Во оваа база ЕСЕ редовно ги објавува и информациите до кои доаѓа преку следење на имплементацијата на превентивните програми на Министерството за здравство. Меѓудругото, преку www.fiskalnatransparentnost.org.mk граѓаните можат да се информираат и за тоа кои се обврските на јавните институции и кои се нивните права што произлегуваат од законите, преку прикажување на важечката правна регулатива во прочистена форма. Преку тематската интернет-страница ЕСЕ на граѓаните им овозможува пристап до најнова релевантна литература и материјали од областа на фискалната транспарентност, пристапот до информации и партиципација во донесувањето на одлуки на македонски и на англиски јазик и клучни вести и информации за тековните случувања во Македонија и во светот.

*„Страната фискална транспарентност е интересна од аспект на будење на граѓанската свест за важноста на транспарентноста, пред сè како едукативна алатка. На многу пријатели сум им ја предложил страната и тие ја следат. Човек што мисли дека транспарентноста е малку важна или воопшто неважна не може да се смета за интелектуалец. Должност на секој граѓанин, посебно на оние што сакаат да се нарекуваат интелектуалци, е да ја следи транспарентноста на јавните институции, израз на патриотизам во 21-от век. Тажно е што не се гради транспарентност од долу, односно еснафски здруженија на интелектуални професии, како адвокатска комора или лекасрска комора кои имаат само надзорен одбор, транспарентноста останува во затворен круг. Недостигот на транспарентност од долу ја загрозува транспарентноста од горе, која ја имаме заради барањата на ЕУ, не затоа што нашата интелектуална класа има потреба од транспарентност“*

**- вели Влатко Секулоски, редовен посетител на фејсбук-страницата фискална транспарентност.**

Дел од активностите за зголемување на свесноста на граѓаните за нивните права и можности за пристап до информации и учество во креирањето, донесувањето и спроведувањето на фискалните политики и создавање на притисок врз јавните институции да си ги почитуваат своите обврските за транспарентност и отчетност во работењето, е кампањата за унапредување на фискалната транспарентностна под наслов Фискална транспарентност Македонија што ја има започнато ЕСЕ во 2015 година. Оваа кампања до денес постојано ја следат повеќе од 10 000 граѓани, додека нејзините содржини допреле до 1,2 милиони лица во 2017 година и 2 800 000 во 2016 година. Како дел од кампањата, а со цел да се доближат и да се визуелизираат содржините, ЕСЕ подготвило повеќе едукативни видеа.

*„Јас сум дипломиран економист и ме интересира како институциите ги трошат државните пари. Страницата Фискална транспарентност Македонија е добро место за таа цел, бидејќи нуди едукативни и практични информации. Искрено би сакала да прочитам повеќе примери за лошо и добро трошење на средствата од даночните обрзници за да имам поголем увид во него“*

**- вели Марија Атанасова, редовен посетител на фејсбук-страницата на фискална транспарентност.**

WWW.FISKALNATRANSPARENTNOST.ORG.MK.

# 5. ПОСТИГНУВАЊА НА ПОЛЕТО НА ФИСКАЛНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ



Преку преземените активности на полето на унапредување на фискалната транспарентност, ЕСЕ успеало да изврши промени во областите на планирање и спроведување на буџетот за здравство и здравствена заштита; споделување и објавување на информации за работењето на јавните институции со јавноста; планирање и спроведување на фискалните политики воопшто; како и ЕСЕ придонело кон зголемување на бројот на организации кои ќе ја применуваат методологијата на мониторинг и анализа на буџети.

**Во областа на планирањето и спроведувањето на буџетот за здравство и здравствена заштита, ЕСЕ придонело кон менување на** праксата на креирање на буџетите за здравствена заштита на мајките, децата и жените во затворени процеси и врз основа на историски податоци. Односно, во 2017 година Министерството за здравство, во консултативен процес, подготвило програми за здравствена заштита на жените, мајките и децата кои се засноваат на потребите на ранливите групи на граѓани за чие спроведување извршило и соодветна алокација на средствата во буџетот.

Придонесот на ЕСЕ кон унапредување на планирањето и спроведувањето на превентивните програми, како и транспарентноста и отвореноста во работењето на јавните институции е забележано и препознаено и од Министерството за здравство.

Нермина Факовиќ, која ја координира Програмата за активна заштита на мајките и децата, вели дека соработката со Здружението придонела кон поголема транспарентност, како и подобрување и приближување на Програмата до оние за кои таа е наменета.

*„Во принцип од оваа досегашна наша соработка и од овој Закон и од ова барање на информации од јавен карактер мислам дека Програмата само се унапредува. Мислам дека освен транспарентност и отчетност, самата комуникација со ЕСЕ мене ми наметна да размислувам попрецизно околу Програмата, начините како таа да се приближи до последните, односно оние за кои е наменета, односно населението, а тоа е да биде поставена на веб-страниците и да биде транспарентна и достапна за сите, да биде унапредена во делот на индикаторите. Соработката*



*ми овозможи да ја унапредам работата и програмите што јас ги следам во Минстерството за здравство да бидат едни од поуспешните со реализација од 99 проценти, со транспарентност и партиципаторност кога се планираат програмите. Значи, да се формираат програмите во еден партиципаторен процес, да бидат поканети сите извршители и не само извршители, туку и оние што ни барале информации од јавен карактер, ни давале препораки и оваа соработка јас ја гледам како унапредување на Програмата со цел таа да ги постигне целите на самата Програма за населението“* **- вели Нермина Факовиќ, координаторка на Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата.**

Заедничката соработка помеѓу ЕСЕ и Министерството за здравство резултирала со зголемување на буџетот на Програмата за рана детекција на малигни заболувања од 17 030 илјади МКД на 24 000 илјади МКД; буџетот на Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата од 10 500 илјади МКД на 17 000 илјади МКД; буџетот на Програмата за систематски прегледи на ученици и студенти од 9 000 илјади МКД на 10 770 илјади МКД; и буџетот на Програмата за лекување на лицата што живеат со ретки болести од 213 967 илјади МКД на 224 000 илјади МКД. Дополнително, со техничка поддршка и помош од ЕСЕ, Министерството за здравство идентификувало програма на чија имплементација ќе биде пилотирана методологијата за социјална ревизија. Исто така, како резултат на учеството во процесот на Отворено владино партнерство, ЕСЕ допринело кон отворање на прашањето за начинот на кој е искористен грантот ОРИО од страна на Министерството за здравство, како и генерално кон подигнување на свесноста за потребата од информирање на јавноста за начинот на спроведување на

странската помош и придонело кон поттикнување за објавување на информациите за грантот ОРИО на интернет-страниците на Министерството за здравство и Секретаријатот за европски прашања. Воедно, преку учеството во работната група за унапредување на ефикасноста во управувањето со јавните финансии и континуиран притисок, Министерството за финансии подготвило и објавило граѓански буџет на буџетот на РМ и измени и дополнувања на буџетот на РМ за 2017 година.

Во областа на споделување и објавување на информации за работењето на јавните институции, ЕСЕ придонело кон зголемување на обемот на информации што ги објавуваат јавните институции, подобрување на постапувањето на јавните институции во постапките за пристап до информации од јавен карактер и унапредување на правните норми во оваа област на национално ниво. Во октомври 2017 година Владата на РМ ја усвоила листата на документи и информации, а министерствата се задолжени да ги објавуваат на своите интернет-страници. Министерството за правда, пак, иницирало постапка за измени и дополнувања на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Бирото за јавни набавки вовело можност за објава на доделените договори за јавни набавки за постапките за доделување на договор за јавна набавка, подготвило нов предлог-закон за јавни набавки и е започнат процес на консултации по предлог-промените на законот, и подготвило и објавило нова алатка која овозможува отворени податоци на електронскиот систем за јавни набавки.

Како резултат на учеството на ЕСЕ во процесот на Отворено владино партнерство, Министерството за здравство на предлог на ЕСЕ и во директни консултации со него развило формати за полугодишно и годишно програмско и буџетско известување за секој од 22-те превентивни и куративни програми од буџетот на Министерството за здравство. Министерството за прв пат во јануари 2018 година треба да ги објави извештаите на својата интернет-страница. Доктор Сузана Маневска, епидемиолог, која е дел од тимот на Министерството за здравство, вели дека заедничката соработка со ЕСЕ во процесот на создавање на програмските и буџетските извештаи за секоја од превентивните програми на Министерството за здравство придонела кон поголема транспарентност во спроведувањето на програмските активности, поголема отчетност во работењето на Министерството и поголема информираност на јавноста.

*„Во насока на подобрување на транспарентноста беа одржани неколку состаноци со претставници од ЕСЕ на кој учествуваа и државните службеници, кои во Министерството за здравство се одговорни за следење на реализацијата на одредени програми финансирани од буџетот на РМ. Врз основа на барањата на ЕСЕ за видот на информации, кои се од интерес за заедничка координација, беа подготвени табеларни прегледи за приказ на реализацијата на програмските активности и реализираните финансиски средства од програмите. Овој вид табеларни прегледи е договорено да бидат поставени на веб-страницата на Министерството за здравство во 2018 година, како годишен извештај за 2017 година. Ваквиот вид на заеднички дијалог и соработка придонесува за поголема транспарентност на програмските активности, отчетност и информираност од една страна, како и соодветно прикажување и евидентирање на спроведените активности од програмата од страна на државните службеници во МЗ. Имајќи предвид дека сите информации, вклучувајќи ги и договорите, ќе бидат јавно достапни на веб-страницата, се зголемува достапноста до информации, како и намалување на бројот на пристигнати барања за пристап до информации од јавен карактер поврзани со реализација на програмските активности и буџетската реализација“*
**- вели доктор Сузана Маневска, епидемиолог од Министерството за здравство.**

Напредок во нивото на транспарентност на јавните институции што ги мониторира ЕСЕ забележува и Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер. Се покажало дека транспарентноста се подобрува кога институциите се надгледувани. Според искуствата од Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер преку работата на ЕСЕ на полето на фискалната транспарентност се поттикнува транспарентноста на институциите, кои тие ги мониторираат. Како пример се посочува Министерството за здравство. Напредокот се бележи затоа што институциите вообичаено се однесуваат инертно и доколку некој не им побара или не им наложи не ги објавуваат информациите.

*„Мислам дека има ефект, еве конкретно имаме најголем број жалби и барање од ЕСЕ за Министерството за здравство и мислам дека е подигната транспарентноста на многу повисоко ниво, многу од информациите што неможеле граѓаните да ги видат сега се објавуваат и на веб-страниците, тука има и проактивна транспарентност. Сите ние знаеме дека институциите се однесуваат инертно, доколку некој не им побара, наложи или не им нареди, не ги објавуваат информациите“*
**- вели Цвета Трајковска од Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.**





Исто така, ЕСЕ, во соработка со Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, започнало со развивање на кампања за подигнување на јавната свест за правото на пристап до информации од јавен карактер.

**Преку активностите за унапредување на нивото на фискална транспарентност, ЕСЕ влијае и врз унапредување на функционирањето на целокупниот фискален систем во РМ. Па така, како резултат на севкупните напори на ЕСЕ,** Министерството за финансии во септември 2017 година, преку усвојување на Програма за реформи во управувањето со јавните финансии 2018 - 2021, се заложило да работи за унапредување на седум клучни област од областа на јавните финансии, со што делумно се адресираат недостатоците и слабостите во системот на јавни финансии идентификувани и застапувани од ЕСЕ. Преку Програмата Министерството се обврза да работи на:

**Приоритет 1**: подобрена фискална рамка (зајакнато планирање на јавните финансии и усвојување на фискални правила);

**Приоритет 2**: зајакнување на законската рамка и постапки за мобилизација на приходите;

**Приоритет 3**: унапредување на планирањето и буџетирањето;

**Приоритет 4**: зајакнување на извршувањето на буџетот;

**Приоритет 5**: зголемување на транспарентноста на владино известување за буџетот;

**Приоритет 6**: зајакнување на внатрешната контрола и

**Приоритет 7**: надворешна контрола и парламентарен надзор. Дополнително, Министерството за финансии започнало со постапка за ревидирање на важечките прописи за регулирање на јавниот долг, буџетите, јавните приходи, итн. По препорака на ЕСЕ, Министерството за финансии започнало процес на отворање на расходите од трезорскиот систем за јавноста (креирање на е-трезор) и воведување на методологија на програмско буџетирање.

---

**Преку активностите за јакнење на капацитетите на граѓанските организации на национално, регионално и меѓународно ниво и обезбедување на директна техничка помош и поддршка, ЕСЕ придонело кон зголемување на бројот на организации кои ќе ја применуваат методологијата на мониторинг и анализа на буџети.** Па така, како резултат на севкупните напори, ЕСЕ придонело организациите ХОПС опции за здрав живот од Скопје, ИРИЗ од Скопје, КХАМ од Делчево; Платформата на организации кои работат на полето на ХИВ во РМ; организациите кои работат на полето на ретки болести; Европската Асоцијација за Намалување на Штети и нејзините членки; организациите кои работат на полето на намалување на штети од Србија, Босна и Херцеговина и Црна Гора; итн. да започнат со активна примена на методологијата за мониторинг и анализа на буџети и застапување базирано на истата.


Финансиски поддржано од:

Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените - ЕСЕ

FOUNDATION ФОНДАЦИЈА OPEN ОТВОРЕНО SOCIETY ОПШТЕСТВО MACEDONIA МАКЕДОНИЈА

OPEN SOCIETY FOUNDATIONS

*Целокупното работење на ЕСЕ во делот на унапредување на фискалната транспарентност и буџетското работење е поддржано од Фондацијата Отворено општество Македонија и Фондациите Отворено општество Њујорк.*